**20242404205**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 70 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 151/22 и 208/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА СОФТВЕРОТ ЗА АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат карактеристиките на софтверот за автоматска обработка на податоците.

Член 2

Софтверот за автоматска обработка на податоците, како независен од централниот систем за банкарско работење на банката кој е наменет за одделот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, се состои од:

- база на податоци за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: базата на податоци) и
- софтверско решение за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: софтверското решение).

Член 3

Базата на податоци се поврзува со централниот систем за банкарско работење на банката или на посебен сервер на кој има инсталирано платформа за работа со бази на податоци. Базата на податоци ги има следниве карактеристики:

- да биде логички одвоена од останатите бази на податоци на банката инсталирани во рамки на платформата;
- да поседува заштитена копија на базата на податоци која ќе се чува на секундарна локација одделена од оригиналната на посебен уред за таа намена и
- да се врши репликација на базата на податоци од примарната на секундарната локација најмалку еднаш во текот на 24 часа.

Член 4

Серверот на базата на податоци кој е лоциран во обезбедена просторија (под 24 часовен видео надзор) треба да има технички карактеристики кои овозможуваат обработка и доставување на податоците во време потребно за запазување на роковите за доставување на податоци.

Член 5

Базата на податоци треба да врши автоматско превземање на податоците од централната база на податоци на банката.

Во базата на податоци, податоците може да се внесуваат и рачно.

Член 6

Базата на податоци треба да овозможи автоматско преземање на податоци од централната база на податоци на банката, и тоа за:

- готовински трансакции во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност или повеќе кои се доставуваат до Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управата) кога станува збор за една трансакција;
- готовински трансакции во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност или повеќе кои се доставуваат до Управата кога станува збор за повеќе очигледно поврзани трансакции;
- извештаи за кои постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, кои се доставуваат до Управата согласно член 65 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) (во натамошниот текст: Законот);
- доставени одговори на банката до Управата согласно член 128 од Законот;
- трансакции кај кои како основ на трансакција се јавува позајмица и
- податоци за исплатени кредити.

Член 7

Базата на податоци треба да овозможи рачно да се внесуваат:
- барањата за дополнителни податоци, информации и документација, доставени до банките од страна на Управата;
- листи за сомнителни физички и правни лица;
- листи на ризични групи на клиенти утврдени од страна на одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам во банките и
- листи на физички лица, правни лица, групи и организации утврдени според прописите за рестриктивни мерки.

Член 8

Софтверското решение, лоцирано во обезбедена просторија под 24 часовен видео надзор и до кое имаат пристап лицата одговорни за одржување на хардверската опрема и софтверското решение, овластени лица од страна на банките за вршење ревизија и контрола, како и органите кои вршат надзор над примената на одредбите од Законот, треба да:
- овозможува менаџирање на податоците во базата на податоци;
- овозможува бодување и категоризација на ентитетите и објектите во базата на податоци;
- овозможува менаџирање на случаи и следење на трансакции;
- генерира аларми во случај на совпаѓање помеѓу ентитетите во базата на податоци и предвидените листи од член 7 од овој правилник;
- овозможува генерирање на извештаи и статистики за потребите на Управата;
- биде заштитено од неовластен пристап;
- има можност за надградба;
- поседува заштитена копија која физички ќе се чува на локација одделена од оригиналната на посебен уред за таа намена и
- биде функционално, односно да овозможува пребарување низ базата на податоци и генерирање на извештаи по основ на пребарување.

Член 9

Софтверот за автоматска обработка на податоците треба да има копија на секундарна локација.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за карактеристиките на софтверот за автоматска обработка на податоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 57/19).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-10419/1
19 ноември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.